## Народна банка на Република Северна Македонија
## Дирекција за статистика

Скопје, 21 мај 2019 година

## Соопштение за печат

# Монетарни движења во Република Северна Македонија: април 2019 година

- Во април 2019 година, забрза растот на **паричната маса (монетарниот агрегат М3[1,2])**. На месечна основа тој изнесува 2,1% и е резултат на зголемувањето кај сите компоненти со најголем придонес на депозитните пари[3] (учество од 59,6%), по што следуваат краткорочните депозити и готовите пари во оптек. Годишната стапка на раст на паричната маса изнесува 12,2% и во најголем дел е резултат на растот на депозитните пари и краткорочните депозити (придонес од 85,2%), а во помал дел и на готовите пари во оптек и долгорочните депозити до две години.

- **Вкупните депозити[4]**, во април, остварија зголемување на месечно и годишно ниво од 1,9% и 13,1%, соодветно, при раст на депозитите кај двата сектора, малку поизразен кај секторот „домаќинства" (учество во вкупниот раст од 48,6% и 50,6%, соодветно во промената).

Табела 1. Вкупни депозити и кредити[5] на недржавниот сектор

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 12.2016[1)] | 12.2017[1)] | 3.2018 | 6.2018 | 9.2018 | 12.2018[1)] | 3.2019 | 4.2019 | 12.2016[1)] | 12.2017[1)] | 3.2018 | 6.2018 | 9.2018 | 12.2018[1)] | 3.2019 | 4.2019 | 3.2019 | 4.2019 |
| **Парична маса М4** | **354,712** | **372,931** | **374,681** | **386,470** | **395,840** | **416,814** | **418,499** | **426,808** | **6.2** | **5.1** | **7.5** | **10.1** | **11.7** | **11.8** | **11.7** | **13.3** | **0.3** | **2.0** |
| **Парична маса М3** | **322,199** | **336,989** | **337,684** | **348,090** | **353,862** | **373,436** | **372,833** | **380,640** | **6.0** | **4.6** | **7.3** | **10.1** | **10.9** | **10.8** | **10.4** | **12.2** | **0.2** | **2.1** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Готови пари во оптек | 28,193 | 29,968 | 28,658 | 29,681 | 30,665 | 32,233 | 31,236 | 32,562 | 7.2 | 6.3 | 6.9 | 4.2 | 5.9 | 7.6 | 9.0 | 12.3 | 0.0 | 4.2 |
| **Вкупни депозити** | **321,888** | **339,314** | **340,135** | **349,816** | **358,126** | **375,046** | **377,800** | **385,142** | **5.7** | **5.4** | **7.1** | **9.9** | **11.6** | **10.5** | **11.1** | **13.1** | **0.4** | **1.9** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 87,377 | 89,248 | 85,791 | 90,295 | 93,775 | 97,703 | 96,147 | 99,347 | 13.4 | 2.1 | 4.1 | 11.6 | 16.8 | 9.5 | 12.1 | 16.9 | 0.3 | 3.3 |
| Домаќинства | 217,394 | 230,744 | 233,485 | 236,832 | 240,139 | 252,563 | 253,748 | 257,312 | 2.5 | 6.1 | 7.3 | 7.9 | 8.4 | 9.5 | 8.7 | 9.6 | 0.2 | 1.4 |
| **Вкупни кредити** | **284,782** | **300,257** | **298,059** | **306,049** | **311,558** | **322,089** | **324,798** | **326,394** | **-0.1** | **5.4** | **5.7** | **6.2** | **7.9** | **7.3** | **9.0** | **8.9** | **1.0** | **0.5** |
| *од кои:* | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Корпоративен сектор | 154,225 | 157,722 | 152,187 | 155,427 | 157,165 | 164,765 | 164,734 | 165,453 | -5.3 | 2.3 | 2.3 | 2.9 | 5.7 | 4.5 | 8.2 | 8.5 | 1.0 | 0.4 |
| Домаќинства | 129,321 | 141,232 | 144,491 | 149,254 | 152,990 | 155,734 | 158,550 | 159,413 | 7.0 | 9.2 | 9.4 | 9.7 | 10.1 | 10.3 | 9.7 | 9.3 | 1.0 | 0.5 |

Извор: НБРСМ.

---

[1] Почнувајќи од јуни 2018 година, Народната банка го користи монетарниот агрегат М3 како нова стандардна дефиниција за паричната маса. За аналитички цели и понатаму ќе се пресметува и ќе се објавува монетарниот агрегат М4.

[2] Монетарниот агрегат М1 го сочинуваат готовите пари во оптек и депозитните пари. Монетарниот агрегат М2 е составен од монетарниот агрегат М1 заедно со краткорочните депозити, додека монетарниот агрегат М3 (паричната маса), покрај монетарниот агрегат М2, ги вклучува и депозитите со достасаност од една до две години. Следствено, монетарниот агрегат М4 ги содржи монетарниот агрегат М3 и долгорочните депозити со достасаност над две години. За подетално објаснување, види ја Методологијата: http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf

[3] Депозитните пари се однесуваат на тековните сметки кај банките и штедилниците и тековните сметки на останатите финансиски институции кај Народната банка.

[4] Вкупните депозити ги сочинуваат сите депозити вклучени во монетарниот агрегат М4.

[5] Годишните стапки на кредитите во периодот јуни 2016 – мај 2017 година беа под влијание на ефектите од мерката на НБРСМ за отпис на побарувањата коишто се целосно покриени подолго од две години.

– Во април, **вкупните кредити** забележаа месечно зголемување од 0,5%. Кредитниот раст на месечно ниво произлегува од зголемувањето на кредитирањето на двата сектора, што е малку поизразено кај секторот „домаќинства" (учество во вкупниот раст од 54,0%). На годишна основа вкупните кредити се зголемија за 8,9%, исто така, како резултат на зголеменото кредитирање на двата сектора, коишто остварија речиси подеднакво учество во промената.







Извор: НБРСМ.

## 1. Депозити и кредити на корпоративниот сектор[6]




Извор: НБРСМ.

– Вкупните **депозити на корпоративниот сектор** овој месец бележат раст од 3,3% на месечна основа, главно како резултат на депозитните пари и краткорочните депозити во странска валута, при помал придонес на долгорочните депозити во странска валута и во денари, наспроти малиот пад на краткорочните депозити во денари. Стапката на годишен раст на депозитите на корпоративниот сектор изнесува 16,9% и во најголем дел се објаснува со зголемувањето на депозитните пари и на краткорочните депозити во странска валута, но исто така,

[6] За потребите на ова соопштение, корпоративниот сектор ги опфаќа јавните и приватните нефинансиски друштва.

мал раст има и кај краткорочните депозити во денари и долгорочните депозити во странска валута и во денари.

– Кај **кредитите на корпоративниот сектор**[7], во април, е евидентирано месечно зголемување од 0,4%, коешто се должи на зголеменото кредитирање на корпоративниот сектор во денари, во услови на мал пад кај кредитирањето во странска валута. Споредено на годишна основа, кредитите на корпоративниот сектор забележаа раст од 8,5%, што во поголем дел се објаснува со зголеменото денарско кредитирање (учество од 77,9%).







Извор: НБРСМ.

## 2. Депозити и кредити на домаќинствата[8]




Извор: НБРСМ.

– Во април 2019 година, вкупните **депозити на домаќинствата** се зголемија за 1,4% на месечно ниво, главно одразувајќи го растот на депозитните пари (91,0% придонес во растот). Годишниот раст изнесува 9,6% и произлегува од зголемувањето на депозитните пари, краткорочните депозити во странска валута и долгорочните депозити во денари и во странска валута.

[7] Почнувајќи од јуни 2018 година, а согласно со новата методологија, податоците за финансиските инструменти во денари со валутна клаузула се вклучени во рамки на странската валута.
[8] За потребите на ова соопштение, домаќинствата се однесуваат на физичките лица и самостојните вршители на дејност.

– Вкупните **кредити на домаќинствата** во овој месец остварија месечно и годишно зголемување од 0,5% и 9,3%, соодветно. Според валутната структура, зголемената кредитна активност на домаќинствата во поголем дел произлегува од кредитите одобрени во денари (со придонес од 57,9% и 71,6% кон месечниот и годишниот раст, соодветно).







Извор: НБРСМ.




Извор: НБРСМ.

Табела 2. Кредити на банките и штедилниците дадени на физичките лица, по намена

| | состојба (во милиони денари) | | | | | | | | годишна промена (во %) | | | | | | | | месечна промена (во %) | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 12.2016[1)] | 12.2017[1)] | 3.2018 | 6.2018 | 9.2018 | 12.2018[1)] | 3.2019 | 4.2019 | 12.2016[1)] | 12.2017[1)] | 3.2018 | 6.2018 | 9.2018 | 12.2018[1)] | 3.2019 | 4.2019 | 3.2019 | 4.2019 |
| Потрошувачки кредити | 65,438 | 72,595 | 74,218 | 77,100 | 78,964 | 80,632 | 82,324 | 83,292 | 13.4 | 10.9 | 10.7 | 11.1 | 11.1 | 11.1 | 10.9 | 10.9 | 1.2 | 1.2 |
| Станбени кредити | 34,608 | 39,535 | 40,899 | 42,309 | 43,896 | 45,539 | 46,477 | 46,797 | 14.3 | 14.2 | 15.4 | 14.9 | 16.2 | 15.2 | 13.6 | 13.2 | 1.2 | 0.7 |
| Автомобилски кредити | 323 | 316 | 318 | 307 | 301 | 312 | 319 | 323 | -19.1 | -2.2 | 2.9 | 0.2 | -2.2 | -1.3 | 0.4 | 2.4 | 2.3 | 1.2 |
| Кредитни картички | 12,380 | 12,281 | 12,157 | 12,192 | 12,235 | 12,246 | 12,113 | 12,086 | 0.3 | -0.8 | -1.1 | -0.8 | -0.9 | -0.3 | -0.4 | -0.7 | 0.0 | -0.2 |
| Негативни салда по тековни сметки | 5,795 | 5,896 | 6,300 | 6,672 | 6,881 | 6,232 | 6,830 | 6,419 | 3.6 | 1.8 | 0.4 | 4.8 | 5.7 | 5.7 | 8.4 | 1.1 | 1.1 | -6.0 |
| Други кредити | 4,584 | 4,564 | 4,534 | 4,593 | 4,566 | 4,607 | 4,252 | 4,214 | 7.3 | -0.4 | -0.5 | -0.8 | -0.2 | 0.9 | -6.2 | -7.8 | -0.6 | -0.9 |

Извор: НБРСМ.

- Во април, анализирано според намената на кредитите одобрени на физичките лица, најзастапените категории – **потрошувачките и станбените кредити** забележаа месечно зголемување од 1,2% и 0,7% соодветно, при годишно зголемување од 10,9% и 13,2%, соодветно. Овој месец, **автомобилските кредити** забележаа месечно зголемување од 1,2%, при годишен раст од 2,4%, додека кредитите одобрени на **кредитни картички** на месечно и годишно ниво остварија намалување од 0,2% и 0,7% соодветно. Во април, **негативните салда на тековните сметки** бележат месечно намалување од 6,0%, а на годишна основа се зголемени за 1,1%, додека кредитите одобрени врз **други основи** остварија месечен и годишен пад од 0,9% и 7,8%, соодветно.

***

**Придружни информации**

Временски серии податоци: Биланси и прегледи на депозитните институции, месечни податоци http://www.nbrm.mk/ns-newsarticle-bilansi-i-pregledi-na-depozitnite-institucii---mesecni-podatoci.nspx

Методолошки објаснувања:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/Monetarna%20statistika/metodologija/Metodologija_monetarna_07_2018_mak.pdf

Информација за методолошките измени во монетарната статистика, статистиката на останатите финансиски институции и статистиката на каматните стапки:
http://www.nbrm.mk/content/statistika/informacii/Informacija_za_promeni_vo_monetarnata_statistika_mk.pdf

Следни објавувања: Календар на објавување податоци
http://nbrm.mk/content/statistika/kalendar/Kalendar_na_objavuvanje_podatoci.pdf

Монетарни движења во Република Северна Македонија: 21 јуни 2019 година (референтен пресек заклучно со мај 2019).

За новинарски прашања, ве молиме контактирајте со лицата од Кабинетот на гувернерот.

За подетални информации во врска со објавените статистички податоци, побарајте нè на: contact.statistika@nbrm.mk или на телефонскиот број 02 3215 181 локал 116 (или 110/108).